ОПШТИНА КОЧАНИ
ООУ„НИКОЛА КАРЕВ“-КОЧАНИ
ул.Никола Карев бр.17 тел.033 274-216 факс 033/274-211
e-mail:nikolakarev_1957@yahoo.com

## .Извештај за извршената самоевалуација со предлог на мерки за подобрување на квалитетот на воспитно-образовната работа

Согласно Законот за основно образование ,училишната комисијата на крајот од учебната 2020/21 година спроведе самоевалуација за работата и постигањата на училиштето.

За поголема ефикасност во работењето, се формираа тимови по подрачја, кои имаа средби и разговори со сите вработени во училиштето. Се изврши проверка на потребната документација и од неа користеше повеќе податоци. Се спроведе анкета со ученици,наставници, родители и директорот. Добиените податоци беа обработени, анализирани и врз нивна основа се донесе следниот извештај.

За изготвување на Самоевалуацијата беа користени насоките од Законот за основно образование и Индикаторите за квалитет на работата на училиштето, изготвени од МОН и ДПИ.

Целта на Самоевалуацијата е со конкретни анализи и осврти на сите области на работење на училиштето да се добие слика за квалитетот во работењето, напредокот и постигањата на училиштето, јаките но и слаби страни, за кои ќе следат предлог мерки за нивно надминување.

Секако дека воочените слабости ќе ги мотивираат сите учесници во наставниот процес(директни или индиректни) да ги вложат сопствените капацитети и искористат постојните ресурси за подобрување на условите и стандардите во училиштето. На тој начин ќе се придонесе за целосно и квалитетно реализирање на воспитно-образовниот процес.

Самоевалуацијата ги издвојува приоритетните области на делување за унапредување и осовременување на наставните и воннаставни активности. Заедничка цел на сите субјекти во училиштето е слабите страни да се во помал број, а јаките да се одржуваат, односно зголемуваат.

Квалитетот на анализираните теми и области се евалуирани на три нивоа (се согласувам, делумно се согласувам, не се согласувам според однапред одредените индикатори. Врз основа на дадената оценка се изведени судовите и заклучоците каде се наоѓа нашето училиште, во која насока се движи и кои се неговите позначајни постигања.

Според целосно извршената самоевалуација, Комисијата ја оцени работата научилиштето со оценка – **добар.**
Оваа оценка претставува збир на целокупната состојба и работа во училиштето, која е добиена од сите седум подрачја, кои ја опфаќаат самоевалуацијата на училиштето.

Придонес за ваквата донесена оценка имаат сите вработени во училиштето иучениците, како и родителите.

***Предлог мерки:***

- ✓ Да се обезбедат материјални ресурси за работа со ученици со посебни потреби
- ✓ Да се следат постигањата на учениците при премин од еден во друг образовен циклус, од основно во средно образование.
- ✓ Во оперативните планови за наставен час наставниците да ги диференцираат целите според можностите на учениците, односно да изготвуваат прилагодени задачи за учениците кои имаат потешкотии во учењето.
- ✓ Училиштето да преземеме активности за безбеден пристап на ученици со телесни пречки во развојот.
- ✓ Да се превземат активности со партнер училиштето во рамките на проектот МИО.
- ✓ Училиштето да преземе мерки и активности за обновување на застарените наставно нагледни средства и технички помагала.
- ✓ Да се организираат обуки на наставниот кадар за реализација на настава од далечина, учење од дома.
- ✓ Да се подобри тимската работа во училиштето.

Училишна Комисија за самоевалуација: